**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**
**ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје**
**Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590**

# УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР-СКОПЈЕ (ФСС-ФДТМЕ) ЗА УЧЕБНАТА 2025/26 ГОД.

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 53 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Деканот на Факултетот на ден 3.3.2026 год. донесе Одлука бр. 16-136/1 за распишување избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје.

Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе ги спороведе Изборна комисија во состав:

1. студент Теодора Јордановска, член;
2. студент Јована Зенковска, член;
3. студент Тамара Танчевска, член;
4. доц. д-р Анастасија Темелкова, член;
5. доц. д-р Ана-Марија Стаменкоска, член.

Согласно член 1, став 2 од Одлуката распишување изборите за претседател и членови на ФСС-ФДТМЕ, изборите ќе се спроведат на ден **18.3.2026 год. (среда)**, во периодот од **10:00 до 14:00** часот во салата за состаноци на Факултетот.

Начинот на гласањето е детално опишан во Упатството.

## Општи правила и норми

Факултетското студентско собрание броии 16 членови,

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници на студентите избрани по години од додипломски студии и тоа:

- 4 (четири) студенти од прва година;
- 4 (четири) студенти од втора година;
- 4 (четири) студенти од трета година;
- 4 (четири) студенти од четврта година.

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти кои имаат запишан летен семестар во учебната 2025/2026 година.

За претседател на Факултетското студентско собрание може да се кандидира секој редовен студент на Факултетот со завршен најмалку трет семестар (положени сите испити заклучно со трет семестар).

Мандатот на претседателот и на членовите на Факултетското студентско собрание е една година со право на уште еден избор.

Студентите на изборите гласаат за своите колеги од сите години, т.е. студентите на ФДТМЕ може да гласаат за студенти од прва до четврта година.

## I ПРЕДЛАГАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ КАНДИДАТИ

### Предлагање кандидати за ЧЛЕНОВИ на ФСС - ФДТМЕ:

Предлагање на кандидати за членови во ФСС-ФДТМЕ се врши на собири на студентите по години со поднесување на Пријава за кандидатура до Изборната комисија.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Секој студент кој има запишано зимски семестар во учебната 2025/26 год. има право да предлага кандидат/и, како и самостојно да се пријави.

Се утврдува најмалку еден кандидат повеќе од бројот на кандидати што треба да бидат избрани за членови во Факултетското студентско собрание од соодветната студиската година.

Собирите на студенти за утврдување на кандидати за членови на Факултетското студентско собрание ќе се спроведат во следните термини:

- прва година, на ден 11.3.2026 год., (среда) во периодот од 9:00 до 11:00 часот во амфитеатар бр. 20;
- втора година, на ден 10.3.2026 год., (вторник) во периодот од 10:00 до 12:00 часот во предавална А30;
- трета година, на ден 12.3.2026 год. (четврток), во периодот од 10:00 до 12:00 часот во предавална А60;
- четврта година, на ден 9.3.2026 год. (понеделник), во периодот од 10:00 до 12:00 часот во предавална А40.

Обрасците за пријава за кандидатура за член на ФСС-ФДТМЕ може да се подигнат од Одделението за студентски прашања на Факултетот или да се преземат од веб-страната на Факултетот (Образец за самостојно пријавување и Образец за предлагање на друг кандидат).

**<u>Предлагање и утврдување кандидати за ПРЕТСЕДАТЕЛ на ФСС - ФДТМЕ:</u>**

За претседател на Факултетското студентско собрание може да се кандидира секој редовен студент на Факултетот со завршен најмалку трет семестар (положени сите испити заклучно со трет семестар).

Согласно член 29 од Статутот на ФСС-ФДТМЕ и член 8 од Одлуката за распишување на изборите за претстедател и членови на ФСС-ФДТМЕ, секој студент што ќе одлучи да се кандидира за претседател на ФСС-ФДТМЕ кон пријавата за кандидатура мора да достави писмен предлог, потшишан од најмалку 20 студенти кои имаат право да гласаат.

Пријавата за кандидатура за претседател на ФСС-ФДТМЕ се доставуваат до Изборната комисија за време на одржување на собирите на студенти.

Образецот на пријавата за кандидатура за претседател на ФСС-ФДТМЕ може да се подигне од Одделението за студентски прашања на Факултетот или да се преземе од веб-страната на Факултетот (Образец за самостојно пријавување и Образец за предлагање на друг кандидат).

Изборната комисија врз основа на списоците доставени од Одделението за студентски прашања утврдува дали предложените кандидати ги исполнуваат предвидените услови, односно дали студентот предложен за кандидатот за претседател на ФСС ги има положено сите предвидени испити заклучно со трети семестар до датумот на предлагање, односно дали студентот предложен за кандидат за член на ФСС има запишано зимски семестар учебната 2025/2026 година, и дали припаѓа на студиската година на која се однесува кандидатурата.

Изборната комисија изготвува записник за секој одржан собир. Прилог на записникот се поднесените пријави. Во записникот се констатира исполнетост или неисполнетост на условите кои треба да ги имаат предложените студенти со констатација за тоа кои кандидати се утврдени.

Изборната комисија врз основа на записниците од одржаните собири донесува Одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за членови и претседател на ФСС. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината и студиската програма. Одлуката на Изборната комисија е конечна и се објавува на веб страницата на Факултетот најдоцна 7 дена пред одржување на изборите.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

## II СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Изборната комисија ги спроведува изборите и ги утврдува резултатите од гласањето.

Изборот на претседател и членови во Факултетското студентско собрание се врши со тајно гласање.

Денот, часот и местото на одржување на изборите е определен со Одлуката за распишување избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, односно истите ќе се одржат на **18.3.2026 год. (среда)**, во периодот од **10:00 до 14:00** часот во салата за состаноци на Факултетот.

За избран претседател и избрани членови во Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

Изборната комисија изготвува 5 видови гласачки ливчиња и тоа:

- гласачко ливче со утврдени кандидати од прва година од студиските програми: дизајн на мебел и ентериер и инженерство на мебел и дрво;
- гласачко ливче со утврдени кандидати од втора година од студиските програми: дизајн на мебел и ентериер и инженерство на мебел и дрво;
- гласачко ливче со со утврдени кандидати од трета година од студиските програми: дизајн на мебел и ентериер и инженерство на мебел и дрво;
- гласачко ливче со со утврдени кандидати од четврта година од студиските програми: дизајн на мебел и ентериер и инженерство на мебел и дрво;
- гласачко ливче со со утврдени кандидати за претседател на ФСС-ФДТМЕ.

Тајното гласање го спроведува Изборната комисија која пред одржување на гласањето ги обезбедува неопходните услови за спроведување на изборите.

Изборната комисија обезбедува 4 (четири) гласачки кутии на кои е точно назначена годината за чии претставници се гласа посебно и 1 (една) гласачката кутија каде се гласа за претседател на ФСС.

Гласачкото ливче го содржи логото на Факултетот и Универзитетот, кратко упатство за начинот на гласање, денот на одржување на гласањето, имињата и презимињата на утврдените кандидати подредени по азбучен ред според презимето на кандидатот, се наведува студиската година од која е кандидатот, максималниот број на кандидати за кои може да се гласа, се наведува потпис на членовите на комисијата и печат на Факултетот. Пред името и презимето на секоја кандидат се става реден број. Гласачките ливчиња се еднакви по боја, форма и големина.

Комисијата пред одржување на гласањето констатира колку гласачки ливчиња се изготвени од секој поединечен вид.

Студентот на гласачкото место се идентификува со индекс. При подигнување на гласачките ливчиња, студентот се потпишува во избирачки список што е доказ дека го остварил своето право на глас.

Студентот гласа со заокружување на редниот број пред името на кандидатот.

Според структурата на Факултетско студентско собрание, студентите можат да гласаат најмалку за еден кандидат, а најмногу за:

- 4 (четири) кандидати од секоја студиска година и
- 1 (еден) кандидат за претседател на ФСС.

Доколку на гласачкото ливче се заокружени повеќе кандидати од определениот максимален број, истото ќе се смета за неважечко. Неважеко е и ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат се гласало, како и ливчето на кое не е заокружен ниту еден кандидат.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

## III СУМИРАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ГЛАСАЊЕТО

Гласачките кутии се затвараат точно на денот и во часот наведени во Одлуката за распишување на изборите. По затварање на гласачкото место Изборната комисија пристапува кон утврување на резултатите од гласањето со пребројување на гласовите за секој кандидат од секоја поединечна гласачка кутија. Изборната комисија составува записник за резултатите од гласањето во кој се констатира колку гласови освоил секој од кандидатите и кои кандидати за членови и претседател се избрани.

Гласачкиот материјал го запечатува во коверти и заедно со записникот го предава во архивата на Факултетот.

За избран претседател и членови на Факултетотското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале за што деканот на факултетот донесува Одлука.

Изборнатата комисија ги констатира и неправилностите во спроведувањето на гласањето и евентуални забелешки на членовите на Изборната комисија.

Изборната комисија составува записник за резултатите од гласањето во кој се констатира кои кандидати за членови и претседател се избрани. Изборната комисија, гласачкиот материјал заедно со записникот го предава во архивата на Факултетот.

Изборната комисија првичните резултати од одржаните избори ги објавува на веб страницата на Факултетот најдоцна 24 часа по завршување на гласањето.

Против првичните резултати, секој кандидат може да поднесе образложен приговор во рок од 24 часа, односно првиот нареден ден сметајќи од денот на нивното објавување.

Приговорот се поднесува во писмена форма, преку Архивата на Факулетот до Изборната комисија. Изборната комисија одлучува по поднесените приговори во рок од 24 часа, односно на првиот нареден работен ден, од денот на нивното поднесување.

Приговорот треба да содржи име и презиме на подносителот, доказ и образложение на причините поради кои се поднесува.

Изборната комисија со решение ќе ги отфрли ненавремените приговори, приговорите поднесени од неовластено лице, како и очигледно неоснованите приговори.

Ако приговорот е основан, Изборната комисија ќе ги отстрани неправилностите.

Во случај да нема поднесени приговори, ако приговорите се отфрлени или одбиени, резултатите стануваат конечни и како такви се објавуваат на веб страницата на Факултетот, по што изборниот процес се смета за завршен.

**ИЗБОРНА КОМИСИЈА**